## Л И К О В Е Н   П О Д Е М

Годинава што изминува ќе остане врежана во нашата колективна меморија по невообичаено динамичната и плодна ликовна активност. 200 настани во кои бил вклучен македонскиот уметник во определени периоди доведуваах дури и до колизија на термини, до отворање на 3-4 изложби неделно или по неколку истовремено. И покрај тоа што ова може да се разбере како изменет, "корегиран" однос и давање поширока и позначајна димензија на ликовната проблематика од страна на творците, организаторите и консументите, ваквата фрекфенција открива и определени аномалии. Некоординираноста меѓу организациите задолжени за ликовниот живот, нерамномерното терминско распоредување( на пр. ликовната "релаксација" во летниот период) и краткотрајното прикажување на изложбите доведе до дебаланс меѓу инвестираните средства и трудот и ефектите од истите. Во таа смисла, ниту на критичарот кој ја врши трансмисијата , ниту на гледачот им се остава доволно временски простор( за оцена и усмерување кај првиот, за консумација кај вториот). Според тоа, повеќе од јасно е дека е потребна потемелна координација, потесен контакт меѓу сите учесници во ликовното живеење., појасно дефинирани ориентации и попрецизни програми за дејствување кај организациите чија ингеренција е оваа област.

Од посоченото секако треба да следуваат определени поуки. Но, да се вратиме на овогодишните ликовни содржини што се рефлектираа во културното битие на нашата средина. Изложбите, манифестациите, наградите, монументалните дела... не оставија само трага со призвук на квантитет. Во повеќе домени на ликовната и применетата уметност констатиравме творечки елан, забележавме ескалација во ликовно-естетските вредности, стре-

меѓ кон усовршување како на веќе постоечките стилски насоки, така и на занаетско-технолошката елаборација на делата. Подемот во графиката, цртежот и керамиката, потоа во сликарскиот и скулпторскиот израз, впечатливо се втисна во структурата на македонската ликовна продукција. Тоа го овозможија самостојните изложби во Скопје и во Југославија на редица ( пред се помлади) уметници ( Родољуб Анастасов, Жарко Јакимовски, Рубенс Корубин, Дарко Марковиќ, Илија Пенушлиски, Трајче Димчевски, Слободан Филовски, Бисљана Унковска...), наградите што ги освоија во мошне силна конкуренција Танас Луловски, Кочо Фидановски, Стефан Маневски, Димитар Малиданов, Михо Лазаров, Петар Хаџи Бошков, Александар Ивановски-Караџаре, Стефан Маневски и др. во Скопје, Нови Сад, Марибор, Сомбор, Суботица. Вклученоста на нашиот ликовен творец во југословенските манифестации во Пекинг, Александрија, Букурешт, Венеција ( Анастасов, Луловски, Крмов, Перчинков), како и самостојните претставувања на Жарко Јакимовски во Виена, на Драган Попоски-Дада во Франкфурт на Мајна, на Евгенија Демниевска во Париз, на Момчило Петровски во Бамберг ( З. Германија), на Вениамин Хаџи Наумов во Лавалета ( Малта), итн., не се манифестира само како афирмација на една култура, туку и како интересирање и свест на другите средини за конкретни вредности на конкретна нација. Се повеќе станува јасно, дека, некогашната нота на куртоазија и протокол ја заменуваат едно општо љубопитство за сè што се случува во светот, рамноправна соработка и космополитизам во однесувањето. Националните, верските, идеолошките, политичките и сл. бариери остануваат во сферите на анахронизмот.

Ако се потсетиме дека, во времето што е зад нас се отвори и долгооспоруваната Академија за ликовни уметности во Скопје, де-

ка се реализирани или се на пат да се финализираат монументалните дела ( фрески, мозаици,споменици) на Борко Лазески во Кичево, на Петар Мазев во Титов Велес на Глигор Чемерски во Кавадарци, сепак не треба да се препуштиме на самозадоволството и еуфоријата, туку напротив, да ја зголемиме длабинската димензија на обврските што треба да ги надградиме врз веќе постоечките сериозни ликовни вредности.

Соња Абаџиева Димитрова